Врз основа на член 52 став 1 од Закон за административни службеници Службен весник на РМ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 142/16 и 11/18), а согласно член 31 од Статутот на ЈП Градски паркинг - Скопје, Директорот во рамките на своите права и овластувања ја донесе следната:

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Јавно претпријатие за јавни паркиралишта
Ndërmarrja publike për parkingje publike
ГРАДСКИ ПАРКИНГ - PARKINGU I QYTETIT
Бр.Nr. 04-15/4
03 01 2020 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

# ОДЛУКА
## за избор на кандидат по интерен оглас број 02/2019 за унапредување на административен службеник во ЈП Градски паркинг-Скопје

член 1

1. Кандидатот/ти Александра Павловска и Ивана Конеска по пат на Интерен оглас број 02/2019 се избира/ат за работно место со шифра **КДР 01 02 Г01 011 Самостоен референт - координатор,** 2 (два) извршители.
2. Изборот е извршен врз основа на Финална ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог - одлука за избор на прворангираниот кандидат по Интерен оглас 02/2019 со арх.бр.04-15/3 од 02.01.2020 година.
3. Именуваниот/те ќе биде унапреден на работно место од став 1 по конечноста на оваа Одлука.
4. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 25.12.2019 година на веб стараницата на Претпријатието и на веб страницата на Агенција за администрација објавен е Интерен оглас број 02/2019 со арх.бр.04-522/2, за унапредување на административен службеник на работно место со шифра КДР 01 02 Г01 011 Самостоен референт координатор – Одделение за односи со корисници, Сектор за јавни паркиралишта, 2(два) извршители..

Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник, формирана со Решение со арх.бр.04-522/8 од 31.12.2019, по спроведената административна селкција и спроведеното интервју со кандидатите, комисијата состави Записник од админситративна селекција за интерен оглас со број 02/2019 за унапредување на административен служвбеник со арх.бр 04-15/1 од 02.01.2020 година и Записник од спроведување на интервју за унапредување на администратиевн службеник на работно место од категорија Г со арх.бр.04-15/2 од 02.01.2020 година изготвија финална ранг листа за интервјуирани кандидати и достави на Директорот на ЈП Градски паркинг-Скопје Предлог-Одлука за избор на прво рангираниот/те кандидатот/и Александра Павловска и Ивана Конеска со арх.бр.04-15/3 од 02.01.2020 година.

Врз основа на ранг листа и Предлог-Одлука за избор на прворангираниот кандидат, Директорот на ЈП Градски паркинг-Скопје донесе Одлука да се изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука..

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова Одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавување на Одлуката на веб страницата.

Доставена До:

- именуваниот
- Одделение за човечки ресурси
- Архива

Директор на
ЈП Градски паркинг-Скопје
М-р Борче Јакимовски